АГЕНЦИЈА
ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА
ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО
NATIONAL EXTENSION AGENCY

AGJENCIA
PËR NXITJEN TË ZHVILLIMIT TË
BUJQËSISË
NATIONAL EXTENSION AGENCY

П Р А В И Л Н И К

ЗА КОРИСТЕЊЕ СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - Битола

Врз основа на член 6 од Законот за основање на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија бр. 3/98; 43/14; 64/18;“ и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 27/19“), врз основа на член 25 и член 50 од Статутот на Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството број 02-70/3 од 15.07.1998 година, Управниот одбор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА КОРИСТЕЊЕ СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се определуваат условите, начинот и постапката на стекнување на право за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели, на вработените (во понатамошен текст: корисник) во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (во понатамошен текст: Агенцијата).

Член 2

Средствата за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели можат да се користат во согласност со намените утврдени во овој Правилник.

Средствата за користење на патничкко возило во лична сопственост за службени цели треба да се користат наменски и рационално.

II. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА

Член 3

Средствата за користење на патничко возило во лична сопственост за службени цели се обезбедуваат од Буџетот на Агенцијата.

Член 4

Средствата за користење на патничко возило во приватна сопственост за службени цели може да се користат за:

- Теренски посети на земјоделските стопанства (давање совети, информации во врска со програмите за развој (владини и невладини), настани и трибини);
- Реализирање на административни обврски во други институции;
- Учество на седници и состаноци.

III. УСЛОВИ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

Член 5

За користење на патничкото возило во лична сопственост за службени цели одлучува Директорот на Агенцијата.

Член 6

Правото на користење на патничко возило во приватна сопственост за службени цели во Агенцијата, корисникот го стекнува врз основа на Договор (Прилог бр. 1) за користење кој се склучува помеѓу корисникот и Директорот на Агенцијата.

Предмет на договорот е користење на приватно возило за извршување на службени цели за потребите на Агенцијата кои се во функција на извршувањето на дејноста на Агенцијата и произлегуваат од законот за основањето на Агенцијата, статутот и одобрените плански активности.

Со овој Договор, Агенцијата се обврзува на корисникот за извршување на службените дејствија да му плаќа надомест на трошоците за користење на возилото по изминат километар согласно Одлуката донесена од Управниот одбор на Агенцијата за утврдување на висината на процентот на надоместокот на трошоците за користењето на возилата за извршување на службени цели на Агенцијата.

Во Договорот се наведува типот, марката и регистарските таблички на возилото. Во случај на било каква промена на истите, корисникот е должен да ја извести Агенцијата.

Сопственикот на возилото се обврзува патничкото возило секогаш да го одржува во исправна состојба заради непречено извршување на тековните теренски активности односно службени дејствија.

Трошоците за одржување на возилото како и други трошоци паѓаат на товар на корисникот. Трошоците за штетите кои евентуално би настанале на возилото при извршување на службените дејствија паѓаат на товар на сопственикот на возилото.

Член 7

За да се стекне со правото на користење на финансиски средства корисникот е должен да поднесе Барање финансиски средства за потрошено гориво за патување со сопствено возило (Прилог бр. 2).

Во Барањето треба да се наведат податоци за корисникот, регистарски таблички на возилото, состојбата на изминати километри при одење и враќање од терен и износот на поминати километри на терен.

Барањето финансиски средства за потрошено гориво за патување со сопствено возило се потврдува од страна на Раководителот на секторот за развој, кој врз основа на тоа составува листа на евиденција во која се наведени сите вработени на Агенцијата по Работни единици, Дирекцијата, со изминати километри и износот кој што треба да им се исплати. Истата ја

доставува до Одделението за сметководство и плаќања на Агенцијата за понатамошно постапување.

Одделението за сметководство и плаќање на Агенцијата ги исплаќа средствата на трансакциска сметка на корисникот кој како доказ е должен да поднесе Налог за користење патнички автомобил за службени дејствија (Прилог бр. 3).

Приложените патни трошоци (фискални сметки-патарина) кои произлегуваат од извршеното патување се исплаќаат на трансакциската сметка на корисникот од посебна ставка предвидена во Буџетот на Агенцијата.

Во Налогот за користење приватен патнички автомобил за службени дејствија се наведуваат податоци за корисникот, тип, марка и регистарски таблички на возилото, терен на кој се користи, потребата за службено дејствие и почетна и завршна состојба на километражот.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на негово донесување, и истиот ќе се објави на ВЕБ страната на Агенцијата.

Бр.02 – 163 /10 09.08.2019 год.

Би гола

Претседател на Управен одбор

Агенција за поттикнување на развојот на планинските подрачја Битола - Manastir Bitola Agjencia për nxitjen të zhvillimit të zonave malore

Проф. Д-р. Митре Стојановски

ДОГОВОР

За користење на приватно возило за извршување на службени цели за потребите на Агенцијата

Склучен на ден __.__.20__ година

помеѓу

1. Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола, застапувана од Директорот _____ (во понатамошен текст – Агенцијата), од една страна и

2. _____ од _____, вработен во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во _____ во Одделението во _____, на работно место _____, од друга страна

I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на договорот е користење на приватно возило за извршување на службени цели за потребите на Агенцијата кои се во функција на извршувањето на дејноста на Агенцијата и произлегуваат од член 2 од Законот за основањето на Агенцијата, статутот и одобрените плански активности. Користењето на приватно возилоза службени цели е регулирано со Праивлникот за користење сопствено возило за службени цели.

II.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

Член 2

_____ за извршување на службени цели за потребите на Агенцијата ќе го користи патничкото моторно возило во негова сопственост, марка _____ тип _____. со регистарски таблички _____.

Член 3

Агенцијата се обврзува на советодавецот за извршувањето на службените дејствија да му плаќа надомест на трошоците за користење на возилото во висина согласно одлуката за утврдување на висината на процентот на надоместокот на трошоците за користењето на возилата за извршување на службени цели на Агенцијата.

Член 4

Сопственикот на возилото се обврзува патничкото возило секогаш да го одржува во исправна состојба заради непречено извршување на тековните теренски активности односно службени дејствија.

Член 5

Трошоците за одржување на возилото како и други трошоци паѓаат на товар на советодавецот. Трошоците за штетите кои евентуално би настанале на возилото при извршувањето на службените дејствија паѓаат на товар на сопственикот на возилото.

Член 6

Овој Договор е со важност од една година од денот на склучување со можност од продолжување.

Доколку во рок од 8 дена пред истекот на рокот од една година писмено не се раскине овој договор, се смета дека Договорот се продолжува на неопределено време.

III.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 7

Сите спорови кои би настанале од овој договор, странките се договорија да се решаваат спогодбено, доколку споровите не можат да се решат спогодбено, надлежен за решавање ќе биде судот од местото на работната единица каде работи советникот.

Член 8

Овој договор е составен од 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по потпишувањето по 2 (два) за секоја договорна страна.

За Агенцијата
Директор

_____

Корисник

_____

БАРАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОТРОШЕНО ГОРИВО ЗА ПАТУВАЊЕ СО СОПСТВЕНО ВОЗИЛО

Вработен:

Работно место:

Вработен во ЕЦ/РЦ:

Настан/активност:

Регистрација на возило:

Состојба на километри: при поаѓање ____ км, при враќање ____ км.

Телефон:

Датум	Од место	До место	Километри
		Вкупно	

Патарини	

Потпис: _____

Датум на поднесување:

ПОТВРДА НА ИСПЛАТА (*пополнува одговорното лице*)

Одговорен:

Работно место:

Датум на одобрување:

Потпис: _____

_____ _____20 __година

_____

НАЛОГ ЗА КОРИСТЕЊЕ ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛ ЗА СЛУЖБЕНИ ДЕЈСТВИЈА БР._____

_____ _____
(име и презиме на корисникот) (на работно место- положба,звање)

_____ _____
(назив на возилото) (регистарски број)

_____ од_____ до _____
(опис на работата - службено дејствие што се врши) (место на појдување) (место на определување)

Време на појдувањето _____

Состојба на бројилото при појдување _____ км. Време на враќањето _____

при враќање _____ км.

Број на поминати километри _____ км

Заверува.

_____ _____ _____
Потпис на возачот. Потпис на корисникот. Овластено лице.